**ОПШТИНА КОНЧЕ**

# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН
# на општина Конче
# за 2022-2024 год.

КОНЧЕ, ДЕКЕМВРИ 2021 година

Содржина

ВОВЕД

1.ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

2.СОЦИЈАЛЕН  ПЛАН НА ОПШТИНА КОНЧЕ

3.ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

4.СОЦИЈАЛНА  ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

5.ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ ВО СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

6.ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА КОНЧЕ

7.АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

8.РИЗИЧНИ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

9.ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПЛАН НА ОПШТИНАТА

10.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ НА СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА КОНЧЕ

11.АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ПО ЦЕЛНИ ГРУПИ

12.ЗАКЛУЧОК

ВОВЕД

Општините, организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со Законот за социјалната заштита, преку донесување сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита.
За успешно остварување на социјалната заштита во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, неопходно е изготвување на Социјален план за општината, кој ќе овозможи операционализација на донесените развојни програми.
Социјалниот план на општината треба да биде базиран на утврдените потреби и приоритети во општината, како и на реалните материјални можности за обезбедување на одржлив развој на социјалната заштита во општината.

1.СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА КОНЧЕ

Општина Конче во координација со другите институции, невладини организации и граѓани, а како носечка институција во својата заедница изработи предлог Социјален план за 2022-24 година за успешно имплементирање на социјалната заштита во својата локална заедница преку креирање на развојна програма за социјалните потреби на нејзините граѓани. Реализацијата на Социјалниот план ќе се изврши преку организирање и развивање на облици и форми на социјални услуги според спечифичните потреби на одделни групи од кои се наоѓаат во социјален ризик.

Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината.
Приоритетни области на Социјалниот план на општината за надминување на проблемите во социјалата на општина Конче за година ќе ни бидат:
-Намалување на сиромаштијата;
- Социјално вклучување;
- Социјална заштита;
Раководејќи се од проблемите и од потребите во локалната заедница, за секоја од наведените приоритетни области се одредени посебни цели и планирани содветни дејствија активности.
Социјалниот план на општина Конче е насочен кон воведување на сеопфатни, ефикасни и функционални вон-институционални форми на социјална заштита, и услуги кои ќе бидат достапни до сите корисници кои имаат потреба од нив. Исто така ќе овозможи креирање и развој на проактивни мерки за социјално вклучување со кои се зајакнуваат потенцијалите и капацитетите на корисниците, со што посредно се делува на нивните можности за вклучување во општествените текови на животот.

## 2.ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Северна Македонија е Законот за социјалната заштита.

Законот за социјалната заштита, во општите одредби, поточно во членот 11, ја регулира надлежноста на општините во областа на социјалната заштита. Согласно овој закон, општините развиваат локални мерки и активности за социјална заштита согласно со овој закон:

- Обезбедуваат спроведување на социјалната заштита согласно со овој закон,
- Донесува одлуки за утврдување и на други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита, права и услуги во поголем обем од обемот на правата и услугите утврдени со овој закон и поповолни услови за нивно остварување, како и обезбедуваат средства за нивна имплементација,
- Основаат јавни установи за социјална заштита согласно со овој закон,
- Формираат Совет за социјална заштита на општината, за подрачјето на општината,
- Формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион,
- Донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита,
- Донесуваат годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита (во натамошниот текст: годишна програма за социјална заштита), во која предвидуваат активности и средства за реализација на истите. Годишните програми за социјална заштита се изготвуваат врз основа на социјалниот план на општината, , а во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита и истите пред донесување се доставуваат до Министерството на мислење,
- Усвојуваат завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита согласно предвидената годишна програма и ги доставуваат до Министерството заради информирање,
- Даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори согласно со овој закон и
- врши други работи поврзани со социјална заштита согласно со овој закон.

Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјалната заштита, од особена важност е Законот за локалната самоуправа.

Покрај овие два закони, од значење за креирањето на акционите планови на единиците на локалната самоуправаа, е и Законот за финансирање на единците на локалната самоуправа кој ги дефинира и поединечно ги разработува изворите на приходи и тоа како сопствените приходи на општините, така и оние што се обезбедуваат како трансфери од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите и можноста за финансирање преку задолжување.

Законот за локалната самоуправа претставува основна правна рамка за процесот на децентрализација. Покрај овој закон, исто така од голема важност за процесот на децентрализација е и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Овој закон треба да обезбеди правна рамка и услови за операционализирање на уставните одредби во однос на самостојноста на единиците на локалната самоуправа. Тој ги дефинира и поединечно ги разработува изворите на приходи, и тоа како сопствените приходи на општините, така и оние што се обезбедуваат како трансфери од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите, и можноста за финансирање преку задолжување.

Сопствени извори на приходи треба да обезбедат функционална и финансиска самостојност на општините утврдени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.:

- локалните даноци (даноците од имот и други локални даноци утврдени со закон;
- локалните такси (комуналните такси, административните такси и други локални такси утврдени со закон);
- локалните надоместоци (надоместокот за уредување градежно земјиште, комунални надоместоци, надоместоци за просторни и урбанистички планови и други локални надоместоци утврдени со закон);
- приходите од сопственост (приходи од закупнини, од камати и од продажба на имот со која не се нарушува извршувањето на јавните функции и надлежности на општината);
- дел од приходите од персонален данок на доход наплатени во тековната година (како 100% наплатен од физички лица кои вршат занаетчиска дејност на подрачјето на општината согласно Законот за занаетчиска дејност и како 3% од приходот од персонален данок на доход од лични примања на физички лица со постојано живеалиште или престојувалиште во соодветната општина);
- приходи и самопридонеси;
- приходи од парични казни утврдени со закон;
- приходи од донации и
- други приходи утврдени со закон

## 3.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Социјалната заштита претставува организирана дејност од страна на Република Северна Македонија за спречување и надминување на основните социјални ризици, на кои е изложен граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот. Основните социјални ризици, на кои најчесто се изложени граѓаните, се следните:

- ризици по здравје (болест, повреда и инвалидност)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од невработеност и професионална неадаптираност и
- ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

На локално ниво организирањето на социјалната заштита значи организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.

Надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјална заштита е регулирана со Законот за локалната самоуправа и со Законот за социјалната заштита и се во согласнот со Политиката на Министерството за труд и социјална политика и постојните законски регулативи за социјална заштита. Основни носители на социјалната заштита се:

- Државата преку Министерството за труд и социјална политика,
- Локалната зедница,

- Приватниот сектор и
- Невладиниот секор.

Општината како единица на локалната самоуправа како едни од главните носители на социјалната заштита во остварувањето на своите надлежности од областа на социјалната заштита се одговорни за:

- донесување на развојни програми за социјална заштита,
- основање јавни установи за социјална заштита,
- развивање вонинституционални форми за социјална заштита и
- реализирање социјални програми во соработка со останатите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и невладините организации.

Како основни носители на социјалната заштита која ја организира и спроведува Државата, а кои делуваат и локално се Центрите за социјална работа како јавни установи, при спроведувањето на социјалната заштита и стручната работа имат надлежност и во :

- применување и спроведување програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, и
- поттикнување, организирање и координирање волонтерски активности на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината.

Советот на општината, може да донесе одлука за основање на јавна установа по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика.
Одобрение за основање на јавната установа издава Владата по претходно мислење на Министерството за труд и социјална политика.

Исто така, условите, постапката за основање, организацијата, управувањето и раководењето, видовите и дејноста на установите за социјална заштита, се уредени во Законот за социјалната заштита.

Согласно Законот за локалната самоуправа, (член 22, став 1,точка 7) општините се надлежни за:

- социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);
- остварување на социјална грижа за инвалидните лица;
- децата без родители и родителска грижа;
- деца со воспитно-социјални проблеми;
- деца со посебни потреби;
- деца од еднородителски семејства;
- децата на улица;
- лицата изложени на социјален ризик;
- лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол;
- подигање на свеста на населението;
- домување на лица со социјален ризик;
- остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.

Согласно Законот за социјалната заштита општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, преку донесување сопствени развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита, ги обезбедуват обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита.

## 4.ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ ВО СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Системот на социјалната заштита се засновува на начелата на:

1. Начело на супсидијарност
2. Начело на еднаков третман и недискриминација
3. Начело на партиципативност
4. Начело на индивидуализација
5. Начело на зајакнување на корисникот
6. Начело на приватност
7. Начело на почитување на интегритетот и правата на корисникот
8. Начело на најдобар интерес
9. Начело на најмалку рестриктивно опкружување
10. Начело на доверливост
11. Начело на јавност во работењето и
12. Начело на социјална праведност

Во развој на мрежата на социјални услуги, и воедно реализирање на Социјалниот план за социјална заштита, општината е наопходно:

- да развива и јакне соработката помеѓу сите владини и невладини институции кои вршат работи во областа на социјалната заштита.

- Да развива сервисни услуги и форми на вон-институционална заштита: центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување на социјално-исклучените лица, формирање на мали групни домови, развивање на мрежата на згрижувачки семејства и слично.

За утврдување на состојбите општината освен ангажирање на сопствени ресурси, треба да ги вклучи сите расположливи институции, организации и други институционални и вонинституционални облици во општината. Општината е главен носител на Социјалниот план, како и координатор на активностите и следење (мониторинг) на реализираните активности и поставените цели.

За успешна соработка помеѓу заинтересираните страни потребно е од општината да формира Општински совет за социјална заштита кое ќе има постојан увид во реализирањето на Локалниот Социјлален план за социјална заштита, како и на состојбите и потребите на различните социјални групи на ниво на општината.

Главни активности на Општинскиот совет за социјална заштита :

- идентификација на сите ризични групи на ниво на општината,
- увид и располагање на релевантни податоци ,
- анализа на податоци и состојби,
- вршење споредбени анализи,
- идентификување на приоритетните интревенции (мерки и форми на социјална заштита) ,
- идентификување на релевантните социјални сили (институциите, НВО, приватен сектор, инт.),

- следење, утврдување и анализа на постигнати резултати и реализирани активности од имплементирањето на Социјалниот план на општината,
- редовна комуникација, средби и размена на податоци и информации со сите социјални сили на ниво на општина,
- транспаретното работење и објавување на годишните извештаи од имплементирањето на Социјалниот план на општината,
- предлог на нови програми и форми на социјална заштита.

5.ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА КОНЧЕ

| Р.б | Име и Презиме | Претсавник од | Профил |
|---|---|---|---|
| 1. | Маре Николова | Општина Конче админстрација- | Високо образнование |
| 2. | Зелиха Јашарова Исмаилова | Од Центар за социјални работи | Социјален работник |
| 3. | Гонца Манасова | Давател на социјална услуга,,Народна Кујна,,Конче | Средно образование |
| 4. | Хасан Нанушев | НВО, Здружение КУД,,Зија Гокалп,,Конче | Средно Образование |
| 5. | Гоце Младеновски | Верска заедница | Свештено лице |
| 6. | Сашка Горѓиева | НВО,,Здружение на жени ,,Конечанка,,Конче | Средно образование |
| 7. | Стојанче Глигоров | Здравствена заштита | Средно образование |
| 8. | Снежана Тренчева<br>Зуица Стојанова | Образовна установа | Наставник<br>Педагог |

## 6.АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

**Општи карактеристики на општина Конче**

Како збир од податоците добиени од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш, одделението за општи и правни работи во Општина Конче, невладиниот сектор кој делува на територија на Општина Конче и базата на податоци со која располага општината, Стратегија за социјална заштита и намалување на сиромаштијата на општина Конче (2011 година) може да се добие претстава на постоечката социоекономска состојба.
Бидејќи Општина Конче е единица на локалната самоуправа која во минатото беше дел од тогашната Општина Радовиш, податоците со кои располагаме се делумни и парцијални.

Општина Конче се наоѓа во централно-источниот дел од Република Македонија, на 150 км оддалеченост од градот Скопје, десно од патот Радовиш-Струмица. Таа е типично рурална општина зафаќа површина од 225км2 и се вбројува меѓу средно големите рурални општини во Република Северна Македонија.

Вкупниот број на домаќинства е 1.057. Во општина Конче има еден рурален центар со 10 селски населби, со вкупен број на жители 3.536.

Во однос на етничката структура на населението, доминантно е македонското население со 85,10% од вкупниот број жители, потоа Турци 14,73%, Срби 0,08% останати 0,08%.

**Социјален профил на општината**

Во однос на социјалната состојба во општина Конче, доминантни социјални проблеми во општината се сиромаштијата и невработеноста. Една третина од работоспособните жители на општината Конче 32,3% се невработени. Половата структура на невработеноста покажува дека поголем дел од невработените лица се мажи, односно од вкупниот број невработени само 23,3% се жени.(податоци од Стратегија за социјлна заштитита на општина Конче)

За жителите на Конче е надлежен Центарот за вработување од Радовиш.

Во Центарот се применуваат активни мерки за вработување, согласно со оперативните планови на Министерството за Труд и Социјална политика.

Во 2016 година беше отворенаа канцеларија на Центарот за вработување која е лоцирана во општина Конче, каде граѓаните мораат да ги користат услугите на овој Центар за вработување и да се запознаваат со мерките за вработување .

**Предшколска возраст- ран детски развој**

Во однос на постоечки државни и општински инситуции и капацитети во општина Конче за претшколска возраст во 2019 година општина Конче во соработка со Министерството за труд и социјална политика работеше на основање и отварање на установа за предучилишно воспитание и образование која започна со работа во почетокот на 2020 година. За потребите на згрижување на децата до 6 години општината има потреба од отврање на центри за ран детски развој во најмалку три насленеи места.Оваа активност се планира да започне во 2022 година и општина да ја реализира во соработка со УНИЦЕФ или друга организација.

**Основно образование**

Во општина Конче има едно централно училиште за основно образование ОУ „Гоце Делчев" – Конче од прво до деветo одделение со 5 подрачни училишта од 1-во до 5-то одделение во селата: Дедино, Габревци, Ракитец, Горни Липовиќ и Долни Липовиќ. Наставата се одвива на македонски и на турски јазик во село Конче. Училиштето континуирано вложува со сопствени финансиски средства и подршка од општината во осовременување и модернизација на училишните објекти и воспитно –образовната.Во делот на извесување на наставата се вложуваат огромни напори за постојана стручна наградба на наставниот кадар и опременување со потребните наставно нагледни и дидактички материјали во наставата. Во делот на училишните објекти од 2011 година спроведени се мерките на енергетска ефикасност со што условите за изведување на наставата се согласно стандардите за училишни згради за основно образование. Во училиштето се организира настава за редовни ученици а нема специјални паралелки за деца со посебни потреби.Согласно измените на законот за основно образование член 19, од 2021-22 година во соработка со основачот општина Конче се планира ангажирање на образовани и лични асистенти за деца со потешкотии за кои родителите ја побарале оваа законска можност во општина Конче.Од страна на Основното училиште Гоце Делчев Конче во соработка со надлежни институции и Основното училиште ,,Климент Охридски,, Ново Село кој ја имплементираа оваа програма за нашата општина евидентрирани се 5 деца ученици кои имаат потреба од образовен асистент.

**Средно образование**

Во однос на средното образование во општината нема ниту едно училиште за средно образование. Учениците најчесто посетуваат средно образование во соседната општина Радовиш или во соседните општини Струмица и Штип.За потребите од соодветни стручни профили согласно интересите на бизнис заедницата и регионалното опкружување Совет на општина Конче достави барање за отврање на одредени стручни профили во рамките на Средното образвание во Радовиш како профил рударски техничар и електро техничар.Овие инцијативи беа прифатени од СОУ коста Сусинов Радовиш.

**Можности за вработување**

Во Конче нема развиена индустрија, односно нема капацитет за апсорбирање на работната сила. Во населените места во општината има регистрирано само мали трговски објекти и мал стопански капацитет за откуп и преработка на млеко. Најзагрозена група во однос на можностите за вработување се повозрасните неквалификувани лица од општината.Од 2005 до 2021 година во соработка со Агенцијата за вработување-Радовиш редовно секоја година се ангажираат од 5 до 10 корисници на социјална парична помош за изведување јавни работи во општината.Во 2021 година беше донесена од Советот на општина Конче. Програма за Јавни работи финасирана целосно од Буџетот на општината за сезонско вработување на 15 лица но не подолго од 6

месеци во редовен работен однос, различно од досегашната пракса во РСМ ангажирање на невработени лица само со плаќање на надоместок за ангажирање на невработени лица.Општината со програмата на УНДП за општинско корисна работа од 2019 година континуирано ангажира 9 невработени лица за подршка на стари лица во кои проектот УНДП го финасира 80% и 20 % општина Конче. Во рамките на социјалната заштита општината Конче извојува средства и за други проекти од областа на социјалната заштита.

**Лица со телесна/ментална попреченост**

Во општина Конче не постојат форми за поддршка на лицата со телесна/ментална попреченост како, на пример, Дневен центар или згрижувачки семејства.

Лицата со телесна/ментална попреченост кои живеат во општина Конче немаат услови за секојдневно функционирање и развој, а уште помалку можности за нивна вклученост и интеграција во заедницата.

Во општина Конче нема центар за дневно или привремено сместување на лица со посебни потреби, нема згрижувачки семејства, ниту мал групен дом. Како потребно се издвојува формирањето на дневен центар или дом за стари лица, со оглед на фактот дека оваа категорија лица е една од побројните во општината.Во 2020-2021 година со програма на Ундп и општина Конче за ангажирање на образовни асситенти за три ученици деца со посебни потреби беше организирана образовна подршка од ангажирани стручни лица.Оваа програма од септември 2021 година премина во надлежност на Минстерството за образоваание и наука.Во септември 2021 беше побарано образовна подршка за 5 деца ученици во ОУ Гоце Делчев-Конче, поради необезбеден стручен кадар од Специјалното училиште ,,Климент Охридски-Ново Село на образовен кадар овие ученици не добија образовна подршка.Општината треба да помогне во решавање на необезбеден стручен кадар и ги подржи 5 ученици со образовна подршка.

**Стари изнешоштени лица и лица самци.**

Во однос на користењето на правата од социјална заштита, најзагрозена група граѓани се старите лица кои се материјално необезбедени и неспособни за работа, но поради поседување на одреден имот и имотни права, немаат право на користење на одредени мерки за социјална заштита

За потребите на старите лица, изнемоштени и самци нема јавен или приватен старски дом.

На јавниот повик во 2021 година од Министерството за труд и социјлна политика општина Конче аплицираше со проект за Дневен центар во с.Ракитец за населението во општина Конче.По направени консултации со МТСП за потреба од дополнителни измени и дополнувања на проектот за дневен центар, општината го повлече проектот.Општината ќе се заложи во наредниот период повторно да аплицира за Дневен центар со целосно нова проектна документација.

Општината во соработка со Здружението на пензионери на општина Конче и Радовиш за потребите на старите лица и пензинерите потребно е по населените места да обезбеди соодветни опремени простории за пресртој и дружење.Овие простории би биле во сопственост на општината а здружението со сопствени средства да учествува во уредување на овие простории за

привремен престој и дружење.Вакви простории за пензионерите во 2022 година може да се планираат да бидат отворени по можност во три населени места пример.Конче,  Долни Липовиќ и Дедино а понатаму и во с.Лубница Ракитец , Габревци и Горни Липовиќ.

**Здравствена заштита на локално ниво**

Мрежата на здравствени установи на територијата на општина Конче е слабо развиена. На целата територија на општината има само две амбуланти со матичен лекар по општа медицина и медицинска сестра,од кои амбулантата во Конче која да работи секој ден, и една амбуланта во с.Ракитец која работи два пати неделно. На територијата на општина Конче нема итна служба оваа услуга се обавува од итната служба од Радовиш која е надлежна и за граѓаните на општина Конче.

Општината поради оддалечноста од Радовиш од минимум 23 км,има неопходна потреба со сопствени ресурси и средства да планира да обезбеди возило за ваква итна служба со ангажирање на лица од општина Конче кои ќе бидат обучени за ваква здрвствена дејност.

Во Конче има аптека а нема специјалистички ординации кои се користат во најбилската општина Радовиш а зашто жителите на општината се принудени да патуваат во околните општини во случај на потреба од здравствена услуга.Општината има изработено проект за модернизација на амбулантата во Конче, постори реална потреба од реновирање на обејктот и проширувањ е на здравствени услуги кои ги дава оваа главна Амбулнта во општина Конче.

**Социјална заштита на локално ниво**

Во рамките на општинската администрација, во општина Конче нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за правни и општи работи. Нема вработен социјален работник, но има назначено лице со работни задолженија од областа на социјалната сфера.

Во 2009 година е усвоена првата Програма за социјална заштита на населението во општина Конче, во која фокусот генерално се става на материјалните давања. Во Програмата за здравствена и социјална заштита за 2011 година се проширени активностите за социјална заштита на населението со оперативен план за нивно спроведување. Во 2011 година за потребите на општината е изработена Стратегија за социјална заштита, социјлна вклченост и намалување на сиромаштијата со периодот 2011-2015 година.Во Стратегијата е разработен и акционен план за најранливите категории на граѓани во општина Конче.

Соработката со граѓаните на општината во делот на социјалните прашања се одвива преку информирање на граѓаните, соопштенија на јавни места, упатување и помош при пополнување апликации.

Како форма за помош на социјално загрозеното население, Општината доделува еднократна парична помош. За оваа ставка од 2010 до 2019 година се издвојуваат во просек од  150.000 до 200.000 денари или околу  0,5 проценти од годишниот буџет на Општината.

Центарот за социјална работа во Радовиш е месно надлежен за жителите на Конче. Центарот за Социјални Работи Радовиш редовно соработува со Градоначалникот и општинската администрација во Конче за потреби, или

најчесто надминување на проблеми поврзани со корисници на право од социјална заштита.
Центарот за социјални работи активно соработува со основното училиште Гоце Делчев-Конче на програми на малолетничка деликвенција, како и при потреби за издавање училишна потврда за членови на домаќинството и кога е потребно да се обезбеди документација за ученици.
Во 2020 година во Конче има отворено канцеларија за социјални работи во која можат да се остваруваат формите на социјална парична помош, постојана парична помош и помош и нега од туѓо лице. Со постоење на ваков Центар за социјална работа во Конче жителите во случај на потреба од остварување на некое право од социјална заштита не се принудени да патуваат во соседната општина Радовиш.
Во 2019 година се направија големи напори на иницијатива на градоначалникот на општина Конче, Министерството за труд и социјална политика и Центар за социјални работи од Радовиш за отварање на ваква канцеларија во Конче во најмала рака, канцеларија за материјална помош во Конче, со што би се олеснила реализацијата на правата од социјална заштита.Канцеларијата започна да работи во почетокот на 2020 година.
Центар за социјални работи од Радовиш има добра соработка со Агенцијата за вработување-Радовиш за потребите на граѓаните од општина Конче.
Послаба е соработката со локалните здруженија и невладини организации , кои се во многу мал број и недоволно развиени во општина Конче
Од формите на вонинституционална заштита се јавува дете без родителска грижа, односно дете од семејство чии родители се корисници на постојана парична помош и кое е сместено во згрижувачко семејство.

Во однос на бројот и структура на корисници на мерки и услуги за социјална заштита од податоци на Центарот за социјлна заштита Радовиш, за територијата на општина Конче(согласно новиот закон за социјална заштита од 2019 година) евидентирани се над 260 корисници на социјална помош по разни основи од општина Конче од кои:

- лице над 26 години се корисници на социјална парична помош( по основ на социјални загрозени случаеви, стари и изнемоштени лица од општина Конче.
- лица над 26 години се корисници постојана парична помош(ГМП).
- лица до 26 години се корисници на посебен додаток за детска заштита,
- случаи на жртви на семејно насилство
- самохрани родители
- лица со психофизички хендикеп,

Општина Конче континуирано издвојува голем процент од општинскиот буџет за социјална помош и има висок процент на приматели на социјална помош.

## 7.РИЗИЧНИ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

Врз основа на извори на податоци ( Центар за социјални работи Радовиш, Стратегија за социјална заштита на општина Конче, програми за социјална заштита на општината)на територија на Општина Конче најризична група се граѓани:
- Лица со телесна/ментална попреченост;
- Стари и изнемоштени лица;
- Лица-самци кои немаат примања;
- Самохрани родители;
- Деца без родители згрижени кај блиски роднини;
- Невработени лица;
- Жени земјоделки без пензиско и здравствено осигурување
- Необразовани лица;
- Жртви на семејно насилство

Како три најприоритетни ранливи групи во општина Конче кои може да ги истакнеме се:
- лицата со телесна/ментална инвалидност,
- старите и изнемоштени лица во општината и
- лица-самци кои немаат примања.

**-** Лицата со телесна/ментална попреченост кои живеат во општина Конче немаат основни услови за секојдневно функционирање и развој, а уште помалку можности за нивна вклученост и интеграција во заедницата. Тие претставуваат голема обврска за родителите и за целото семејство и не постојат дополнителни олеснувачки расположиви услуги во општината. Ако се земе предвид дека во општина Конче не постојат т.н. специјални паралелки во рамките на училиштата, Дневен центар, ниту пак други алтернативни услуги (мобилни служби, организирани активности и сл.), а притоа постојат и физички бариери за пристап до услуги, нема можности за образование и вклучување во социјалниот живот за овие лица и тие се оставени на грижа само на семејството.
Во однос на лица *со* телесна и интелектуална попреченост кои постојат на територијата на општината, единствени податоци имаме од Регионалниот Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Радовиш, чии простории се наоѓаат во Општина Радовиш, кој дејствува на регионално ниво.

- Старите и изнемоштени лица од општина Конче, исто така, се високо приоритетна ранлива група, земајќи го предвид податокот дека во општината живее висок процент на постаро население. Овие лица се соочуваат со неможност сами да ги завршуваат домашните работи, да се грижат за себе и за своето здравје, а немаат можност за социјализација. Значајно е да се

спомене дека повеќе од услугите не постојат во општина Конче, како на пример: нема итна служба, канцеларија за социјални работи, старски дом, мобилни и патронажни служби, банкомат. Тоа дополнително ја отежнува нивната ситуација и ја влошува нивната состојба.Во 2019 година со општина Конче во соработка со УНДП во рамките на проект за општинско корисна работа од месец септември започна со програма за посета на стари лица во сите населени места на општината. Програмата ќе трае 6 месеци по што се планира нејзино продолжување и надградба согласно согледаните искуства од реализација на програмата.

- Лица-самци кои немаат примања е карактеристична ранлива група на граѓани во општина Конче. Тоа се најчесто лица во зрели години, од машки пол, кои немаат оформено семејство, т.е. најчесто се неженети, како резултат на податокот што најчесто се невработени и немаат никакви примања. Оставени се сами да се борат со својата ранливост без помош од никого во заедницата.

Овие целни групи ќе бидат во приоритетите во програмите за социјална заштита на Општина Конче.

## 8.ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПЛАН НА ОПШТИНАТА

Како приоритети за надминување на проблемите во социјалата во општина Конче, за 2022-24 година ќе ни бидат:

I.Намалување на сиромаштијата;

II.Социјално вклучување;

III.Социјална заштита;

Раководејќи се од проблемите и од потребите во локалната заедница, за секоја од наведените приоритетни области се одредени цели и дејствија

**I.Приоритет**: Намалување на сиромаштијата;

Намалување на невработеноста на идентификуваните ранливи групи лица во општината,

За успешна реализација на оваа цел се планирани следниве дејствија:

-Зголемување на свеста кај населението за потребата од регистрирање на земјоделци/носители на земјоделска дејност, со посебен фокус на жени земјоделки.

-Поддршка и подигање на свеста за формализирање мали бизниси преку користење на субвенциите за основање мали и средни претпријатија, насочени кон поттикнување на вработувањето на ранливите групи граѓани.

- Активно информирање и помош на физички и правни лица за користење на ИПА и ИПАРД програми, преку организирање и реализација на информативни средби и работилници.

- Основање на општински фонд за започнување мали бизниси и самовработување, со акцент за вработување и самовработување на лица од идентификуваните ранливи групи

- Организирање мини саем за промовирање на традиционални обичаи и занаети. Овој мини саем кој би се реализирал еднаш годишно на територијата на општина Конче.

- Отворање на мали погони за финални земјоделски производи преку здружување, со можност за вклучување на лица од идентификуваните ранливи групи.
- Промовирање на природните ресурси и на селскиот туризам во општината како можност за развивање на овие потенцијали на општината.
- Поттикнување за воспоставување и функционирање на бизнис-инкубатор за Радовиш и Конче започнување нови бизниси, со посебен фокус за вклучување лица од ранливите категории граѓани.
-Олеснување/привлекување инвеститори преку намалување на комунални такси и преку посредство за вработување на локални невработени, со акцент на лица од идентификуваните ранливи групи.
- Изработка на урбанистичка документација од општина Конче за индустриска зона. Оваа активност е битен предуслов за понатамошен економски и социјален развој на општината.
-Организирање на работилници и обуки за едукација, преквалификација и доквалификација во соработка со Агенцијата за вработување-Радовиш Активноста има цел да понуди можност за едукација, доквалификација и преквалификација на лица од идентификуваните ранливи групи.
- Предавања и информативни средби од страна на активни успешни приватни стопанственици. Целта на активноста е локалното население да се информира за можноста од отворање сопствени бизниси.
-Редовни информирања од канцеларија на Агенцијата за вработување, преку која локалното население од ранливите категории ќе има поголем пристап до огласите за работа и состојбата на пазарот на трудот.

**II**.**Приоритет**: Социјално вклучување на идентификуваните ранливи групи

1**.**Цел**.**Подобрување на состојбата и овозможување можности за интеграција на лицата со телесна/ментална попреченост во општината

За реализација на оваа цели се предвидени следниве дејствија:

- Овозможување физички пристап до сите институции во општината преку изградба на пристапни рампи за лицата со телесна попреченост секаде каде што е тоа потребно.
- Воспоставување и функционирање на мобилни служби за помош на лицата со телесна/ментална попреченост и на нивните семејства. Во недостиг од Дневен центар или други форми на згрижување, оваа активност има цел да им ги даде неопходните услуги на лицата со телесна/ментална попреченост и на нивните семејства заради подобрување на квалитетот на нивното живеење. Во мобилните служби е предвидено ангажирање локални волонтери, припадници на ранливи категории.
- Поттикнување и организирање активности за работно ангажирање и вклучување на лицата со телесна/ ментална попреченост во сите сфери во општината. Целта на активноста е да се овозможи вклученост на лицата со телесна/ментална попреченост во повеќе сфери од општественото живеење и да се спречи нивната изолација и исклученост од заедницата.
- Воспоставување и функционирање на мобилни служби за помош на старите изнемоштени лица – самци. Преку оваа активност ќе се придонесе да им се олесни животот на оваа категорија граѓани која во општина Конче е со висок процент и е идентификувана како една од најприоритетните

ранливи групи. Мобилните служби предвидуваат вклучување на локални волонтери кои ќе им ги дадат неопходните услуги на овие лица.

- Отворање на старски дом или Дневен центар за дневен престој. Идентификувана е голема потреба од ваков тип активност поради горенаведеното. Во општината има голем број стари изнемоштени лица – самци кои би биле згрижени во овој старски дом или во дневно згриѓени во Дневен центар.
- Активирање на патронажните служби за стари и изнемоштени лица. Поради нередовно престојување на здравствена служба во општината, патронажните служби би овозможиле континуирано следење на здравствената состојба на старите изнемоштени лица.

2.<u>Цел</u>.<u>Подигање на свеста кај жената</u> во општина Конче за редовна здравствена заштита за рано откривање на малигни заболувања, како и социјална заштита и пензиско осигурување за 30% (трибини, летоци, работилници Дејствија кои се планираат се:

- Организирање кампања за подигање на свеста кај жената за редовна здравствена заштита за рано откривање на малигни заболувања. Кампањата ќе се реализира преку одржување трибини и работилници, како и подготовка, дистрибуција на промотивни материјали кои ќе ги нудат потребните информации и ќе дејствуваат едукативно на учесниците.
- Иницијативи за овозможување социјална заштита и друга дополнителна помош за веќе заболените лица. Оваа активност има цел да обезбеди социјална заштита, како и друг вид помош која им е неопходна на заболените лица. Активноста ќе се реализира континуирано и по потреба.

3.<u>Цел</u> <u>Подигање на јавната свест</u> за потребите на ранливите групи во 2020 година.

За оваа цел се предвидени следниве дејствија:

- Организирање информативна кампања. Кампањата ќе се реализира преку одржување трибини и дистрибуција на промотивни материјали кои се наменети за целата заедница. Активностите кои ќе нудат информации за потребите на ранливите групи во општината заради надминување на одредени предрасуди и сензибилизирање на јавноста во однос на идентификуваните ранливи групи граѓани.
- Поттикнување на активни граѓански здружувања. Целта на оваа активност е да поттикне активна заедница и активно граѓанство кое е свесно за состојбите и самото придонесува за подобрување на квалитетот на живеење во заедницата.
- Одржување редовни контакти и состаноци со граѓански организации кои работат и/или застапуваат одделни ранливи категории како уште една можност за вклученост на нивните потреби и нивна вклученост во процесот на донесување одлуки.

**<u>III.Приоритет</u>** <u>- Социјална заштита/преземање дополнителни мерки за социјална заштита</u>**.**

1.<u>Цел</u> Координирани и поврзани институции за надминување на проблемите од социјалната сфера

Следниве дејствија се предвидени за оваа цел**:**

- Одржување редовни состаноци општина Конче со Центарот за социјална работа и други релевантни институции, на пример, полиција, здравство и сл. Целта на оваа активност е размена на значајни информации заради

надминување на одредени состојби во социјалната сфера. Предвидена е средба минимум еднаш на секои три месеци.
- Воспоставување практика од посета на стручно лице од ЦСР Радовиш во општина Конче, еднаш во неделата. Поради непостоење одделение на ЦСР во општина Конче, преку оваа активност ќе се овозможи поголема достапност на услугите на ЦСР, пред сè, за припадниците на ранливите групи, но и за целата заедница.

2**.** Цел Подобрување на состојбата на социјално најзагрозените лица**.**

Оваа цел ги предвидува следниве дејствија:

- Организирање редовни бесплатни здравствени прегледи. Во општината нема редовна здравствена служба, па активноста има цел да овозможи редовна здравствена контрола за оние лица кои не се финансиски моќни самите да го прават тоа.
- Обезбедување топол оброк на овие лица. Ова е еден вид мерка/активност наменета за социјално најзагрозените лица во општината.

3**.** Цел Достапни информации за остварување на правата на граѓаните во општина Конче од социјалната заштита во 2020 година.
За оваа цел се предвидени следниве дејствија:

- Подготовка и дистрибуција на информатор со правата на граѓаните од областа на социјалната заштита. Целта на активноста е подостапни информации за населението преку кои ќе се запознаат со своите права од областа на социјалната заштита, а со тоа ќе можат да реагираат соодветно во конкретни ситуации. Информаторот ќе содржи и основни информации за услугите кои ги нудат институциите.
- Отворање на канцеларија за информирање на граѓаните од сите области. Канцеларијата има цел да овозможи достапност и проток на информации од сите области. Оваа канцеларија ќе биде од големо значење за населението во општина Конче бидејќи може да влијае за нивна поголема вклученост во сите општествени текови и може да придонесе за поактивно граѓанство.

**4.**Цел Овозможување соодветна помош и поддршка на ранливите и сиромашните групи од населението од страна на општинската администрација
Планирани дејствија за оваа цел се:

- Зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку вработување на социјален работник во општината.
- Зајакнување на капацитетите на општинската администрација преку едукација на вработените за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на Општината.
- Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита.
- Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги.
- Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот за социјална заштита и на ефикасноста на тие буџетски средства.

## *9.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ НА СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА КОНЧЕ ЗА 2022-24 ГОДИНА*

**Активност 1:**

**Средби со членовите Социјалниот Совет на секои три месеци, т.е. четири пати годишно.**

**Цел:** Да се увидат и дефинираат ново настанати промени, нови потреби и социјални проблеми на територијата на општина Конче. Исто така ќе се овозможи и континуирано следење на реализацијата на Социјалниот План и негово континуирано надополнување.
Активноста почнува од јануари и ќе биде завршена до 31 декември.

**Активност 2 :**

**Создавање база на податоци родово разделени согласно дефинираните приоритети** на социјални проблеми на територијата на Општина Конче и нивно консолидирање со постоечки релевантни податоци од други релевентани институции за социјални заштита, вклучувајќи го и невладиниот сектор.
**Цел:** Создавање реална слика на потреби и реални социјални проблеми на ниво на општината и создавање на можност за пореално креирање на приоритети за реализирање проекти и превземање иницијативи и активности на локално ниво од обласета на социјална заштита.

Активноста почнува од : јануари во годината и се одвива контунуирано
и ќе биде завршена 31 декември во годината

**Активност 3:**

**Реализирање на над 50 % од предвидените активности од Социјалниот план на Општина Конче на годишно ниво преку Програмата за социјална заштита.**

**Цел:** Операционализација на Социјалниот план преку конкретни активности и постигнати резулати во однос на дефинираните и приоритетни социјални проблеми од Социјалниот план и воедно намалување на постоечките социјални проблеми од 30-50 % на територијата на Општина Конче .
Активноста почнува од : јануари
Активноста ќе биде завршена до: 31.декември

**<u>Активност 4:</u>**

**Изготвување годишен извештај за реализирани активности**, иницијативи и проекти на ниво на Општина Конче, согласно Социјалниот план на Општина Конче.

**Цел:** Транспарентен приказ на постигнати резултати и реализирани активности од Социјалниот план на општината. Овој годишен извештај ќе биде вклучен и како составен дел од Годишниот извештај од сите активности реализирани од страна на Општина Конче.

Активноста почнува од јануари 2022 година
Активноста ќе биде завршена до: крајот на 2024 година

# 10.АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ПО ЦЕЛНИ ГРУПИ

| 1. | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| | **Стари и изнемоштени лица**<br><br>На територија на Општина Конче<br>-не постои државен или приватен пензионерски дом за сместување на стари лица на кои им треба социјална зашита и помош,<br>-не постои центар за дневен престој на стари изнемоштени, осамени лица и лица со инвалидитет. | - изложеност на болести<br>-низок животен стандард<br>-оневозможено опслужување на секојдневните животни потреби<br>-изолираност<br>-Ниски или недоволни пензии;<br>Недоволен пристап до здравствена заштита;<br>-Недоволна грижа од семејството и заедницата;<br>- Недостаток од домови и дневни центри. | -мобилни тимови за домашна посета<br>-тимови за здравствена заштита<br>-дневен центар за стари лица<br>-дом за стари лица (приватен или државен)<br>- Отворање на специјалистичка ординација,<br>служба за брза помош и аптека;<br>- Збогатување на мрежата на социјални услуги за старите лица (сервиси за помош и нега во домашни услови, сместување во дневни центри или мали групни домови);<br>-Отворање на домови и дневни центри за привремено згрижување. |

ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **1.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рокови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета | - Локална самоуправа<br>- Меѓуопштински центар за социјална работа<br>- НВО ,,Конечанка,, | - Дневна посета во домови на целната група<br>- Давање совети и помош во планирање на буџет<br>- Помош во набавки на продукти за домашни потреби | 36 месеци |
| | 1.2 | Функционирање на патронажни тимови за | - Локална самоуправа<br>- Здравствен дом | - медицински совети,<br>- примарна проверка на | 36 месеци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | здравствена заштита | -- НВО Конечанка | здравјето<br>- нега<br>- лекување во функција на здравствена заштита во домашни услови | |
| | 1.3 | Дневен центар за стари лица | - Локална самоуправа<br>- Меѓуопштински центар за социјална работа<br>- Бизнис сектор | • неколкучасовен прифат на стари лица<br>• понуда на дневна асистенција на изнемоштени за задоволување на хигиенско здравствени потреби<br>• дневен топол оброк<br>• клубско дружење за социјализација, информирање, забава. | 36 месеци |
| | 1.4 | Изработка на студија за отврање на дом за стари лица со геријатриски оддел | - Локална самоуправа<br>- Меѓуопштински центар за социјална работа<br>- Дом за стари лица | • Овозможува 24 часовна грижа за целната група. | 36 месеци |

| 2. | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| | **Лица со телесна/ментална Попреченост** | -намалуваување на практичните, когнитивните и социјалните вештини на корисниците<br>-намалена способност за самостојно живеење<br>-ниско ниво на социјализација и интеграција во заедницата<br>-отежнато вклучување во работно - окупациониот процес<br>-злоупотреба од работодавачите<br>-отежнато вклучување во образовниот процес<br>-проблем на семејството во поглед на неовозможување соодветна грижа и нега<br>-Отежнат пристап до работно место;<br>-Физички бариери и отежнат пристап до институции;<br>-Социјални проблеми и бариери во однос на личниот развој, самоостварување, образование и културен живот;<br>-Дискриминација и нееднаков третман;<br>-Манифестирање страв/чувство на сожалување и беспомошност | - Намалување на физичките и социјални бариери;<br>-Подобрување на психо-физичкиот интегритет и обезбедување услови/ можности за професионално самоостварување во локалната заедница;<br>- почитување на принципот на недискриминација од локалната средината,институциите и државата во целина;<br>-Воведување активни мерки за приоритетно само/вработување, мерки за подобрување на социјалните услуги и отворање на дневен центар за лицата со ментална пореченост.<br>-функционирање на тимови за анимирање<br>-едукација на семејствата на лица со интелектуална попреченост за законската регулатива<br>-тимови за едукација |

ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **2.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рок** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2.1 | Помош на семејствата кои имаат член – лице со интелектуална попреченост | -Општина Конче<br>- Центар за социјална работа<br>- НВО | • Поддршка на семејствата со лица со интелектуална попреченост | 36 месеци |
| | 2.2 | Функционирање на мобилни тимови за домашна посета (нега и грижа) | - НВО<br>- Здравствени работници<br>- ЦСР | • Овозможување нормално извршување на животните потреби | 36 месеци |
| | 2.3 | Организирање на дневен центар за грижа на лица со пречи во развојот | - Центар за социјална работа<br>НВО<br>-Општина Конче | • Социјализација, анимација и едукација на лица со интелектуална попреченост | 36 месеци |

| | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| **3.** | **Самохрани родители** | - Невработеност;<br>- Недостаток од потребните средства за образование и одгледување на децата;<br>-Немање на работно искуство | - Воведување активни мерки за вработување;<br>- Предност при вработување или приоритетно вработување;<br>- Промовирање на програми за вработување и самовработување;<br>- - Проширување на формите за социјална помош што ги реализира општината;<br>- Зголемување на средствата што се издвојуваат од буџетот за социјална заштита и нивно ефективно користење;<br>- Обуки за преквалификација и доквалификација. |

ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **3.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рокови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1 | Редовно информирање за активни мерки за вработување и самовработување | - Локална самоуправа<br>- Центар за социјална работа<br>- НВО | - Постојана пристапност до потребите на пазарот на труд. | 36 месеци |
| | 3.2 | Организрање и вклучување во обуки за преквалификација и доквалификација на самохрани родители | - Локална самоуправа<br>-Центар за социјална работа<br>НВО | - Обезбедување на можности за преквалификација и доклваификација на оваа ранлива група граѓани | 36 месеци |
| | 3.3 | Основање на општински фонд за подршка за ранливи групи | Локална самоуправа | - Подршка со сопствени финасиски средства за ранливи групи граѓани | 36 месеци |

| | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| **4.** | **Невработени Лица** | - Голем број на долгорочно невработени лица;<br>- Немање на производствени и преработувачки капацитети;<br>- Недостаток на информации за можностите за вработување и правата од работен однос –дигитален јазик. | - Отворање на работни места и помали индустриски капацитети;<br>- Стимулирање на развојот на мали и средни бизниси;<br>- Промовирање на програми за вработување и самовработување на долгорочно невработените и корисниците на социјална заштита (преку субвенционирање и даночни олеснувања)<br>- Вклучување во активни мерки за вработување на долгорочно невработените и корисниците на социјална заштита;<br>- Обуки за преквалификација и доквалификација, вклучително обуки за користење на компјутер; |

ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **4.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рокови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.1 | Промовирање на програми за вработување и самовработување на долгорочно невработените и корисниците на социјална заштита | - Локална самоуправа<br>- Центар за социјална работа<br>- АВРМ-Радовиш | - Постојана пристапност до потребите на пазарот на труд. | 36 месеци |
| | 4.2 | Вклучување во активни мерки за вработување на долгорочно невработените и корисниците на социјална заштита | - Локална самоуправа<br>-Центар за социјална работа<br>НВО | - Обезбедување на можности за преквалификација и доклваификација на оваа ранлива група граѓани | 36 месеци |
| | 4.3 | Обуки за преквалификација и доквалификација, вклучително обуки за користење компјутер | Локална самоуправа | - Подршка со сопствени финасиски средства за ранливи групи граѓани | 36 месеци |

| | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| **5.** | **Жени земјоделки без пензиско и здравствено осигурување** | - Необразованост;<br>- Доделување на обработлива земја и недвижен имот на свое име;<br>- Нерегистрирано производство или неможност за плаќање давачки спрема државата што придонесува за неможност од користење на субвенции). | - Едукација и обуки;<br>- Работилници од НВОи, ПЕ на МЗШВ, Агенција за поттикнување и развој на земјоделството и сл.;<br>- Постепена промена на патријархалната традиција;<br>- Регистрирање на производството и редовно плаќање на пензиско и здравствено осигурување. |

## ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **5.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рокови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5.1 | Програми за подршка на жени земјоделки без пензиско и здравствено осигурување | МЗШВ- РСМ<br>Агенција за финансиска подршка<br>Локална самоуправа<br>АВРМ- Радовиш | подобри економската состојба на жените и да се зголеми бројот на регистрирани жени земјоделки кои ќе придонесат во развојот на земјоделството. | 36 месеци |
| | 5.2 | Програми за родова еднаквост на жените и мажите во сите свери на животот | Локална самоуправа<br>АВРМ- Радовиш | Родова еднаквост на жените пазарот на труд. | 36 месеци |
| | 5.3 | Програми за информирање и поттикнување на стутсот на руруалната жена | Локална самоуправа<br>АВРМ- Радовиш<br>НВО Конечанка Конче | Подбрување на статусто на зената земјоделка , јакнење на нивните лични и професионални капацитети | 36 месеци |
| | 5.4 | Регистирање на жени земјоделки како носители на земјоделско производство | МЗШВ- РСМ<br>Агенција за финансиска подршка<br>Локална самоуправа<br>АВРМ- Радовиш | Остварување на здравствено и пензиско осигурување и посигурна егзистенција на жените | 36 месеци |

| | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| **6.** | **Необразовани лица** | - Неидентификуван број на необразовани лица;<br>- Недостапност до работни места поради неконкурентност на пазарот на труд;<br>- Недостаток на информации за вработување<br>на соодветни работни места согласно со<br>стручната подготвка. | - Идентификација на необразовани лица преку истражување по возрасни групи и полова распределба;<br>- Дообразување на лицата со посета на обуки за преквалификација и доквалификација или преку нивно вклучување во системот на редовно образование;<br>- Спроведување на тематски курсеви од страна на НВОи или Агенција за вработување;<br>- Воспоставување систем/механизам за достапност на информации за соодветно вработување согласно со стручната подготвка. |

## ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **6.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рокови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 6.1 | Програма за организирање на формално обраование за возрасни во општина Конче. | -Центар за образование за возрасни<br>-МОН<br>-Биро за развој на образованието<br>Основно училиште | - Можност лицата да си го дооформат своето образование и да се стекнат со знаења и вештини конкурентни на пазарот на трудот | 36 месеци |
| | 6.2 | Обуки за доквалификација, обуки за користење компјутер | Локална самоуправа<br>АВРМ Радовиш | - Подршка со сопствени финасиски средства за ранливи групи граѓани | 36 месеци |
| | 6.3 | Ангажирање во програми за јавни раобти на општината | Локална самоуправа | Можности за раобтно ангажирање и остварување на вработување | 36 месеци |

| | ЦЕЛНА ГРУПА | РИЗИЦИ (ПРОБЛЕМИ) | ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ |
|---|---|---|---|
| **7.** | **Жртви на семејно насилство** | - Семејни несогласувања и караници;<br>- Физичко и псхичко малтретирање и насилство;<br>- Последици од насилството по жртвата (здравствени проблеми, трауми, психози). | - Пријави на проблем во ЦСР, МВР, НВОи и други надлежни институции;<br>- Згрижување во засолништа;<br>- Отворање на психолошки советувалишта и СОС линии;<br>- Обезбедување бесплатна правна помош и застапување |

## ПРОГРАМА, ПАРТНЕРИ, ЦЕЛИ И РОКОВИ

| **7.** | | **програма** | **партнери** | **цел** | **рокови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | 7.1 | Превентивна едукација на населението за препознавање на семејното насилство и интервенција | • НВО<br>• ЦСР<br>• СВР | Намалување на последиците од семејното наслиство | 36 месеци |
| | 7.2 | Обезбедување на бесплатана правна помош | - НВО<br>- ЦСР<br>- СВР<br>- Адвокати | Правна помош на лица жртви на семејно насилство | 36 месеци |
| | 7.3 | Советувалиште за лица кои вршат семејно насилство | - НВО<br>- ЦСР<br>- СВР | Намалување на последиците од семејното наслиство | 36 месеци |
| | 7.4 | Советувалиште за жртви на семејно насилство | - НВО<br>- ЦСР<br>- СВР | Санирање на последиците од семејно насилство | 36 месеци |

11.ПЛАНИРАН БУЏЕТ – ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Целни групи/активности** | **Општински буџет-годишно** | **НВО** | **Донации** | **Централен буџет** | **Вкупно За година** |
| | 1. | Стари и изнемоштени лица | 100.000 ден | 0 | 0 | 0 | 100.000 ден |
| | 2. | Лица со телесна/ментална попреченост | 50.000 ден | 0 | 0 | 0 | 50.000 ден |
| | 3. | Лица-самци кои немаат примања | 50.000 ден | 0 | 0 | 0 | 50.000 ден |
| | 4. | Самохрани родители | 50.000 ден | 0 | 0 | 0 | 50.000 ден |
| | 5. | Невработени лица | 100.000 ден | 0 | 0 | 0 | 100.000 ден |
| | 6. | Жени земјоделки без пензиско и здравствено осигурување | 100.000 ден | 0 | 0 | 0 | 100.000 ден |
| | 7. | Необразовани лица | 100.000 ден | 0 | 0 | 0 | 100.000 ден |
| | 8. | Жртви на семејно насилство | 100.0000 ден | 0 | 0 | 0 | 100.0000 ден |
| | 9. | Активни мерки подршка за склучување на бракови и раѓање на | 960.000 | 0 | 0 | 0 | 960.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | новороденче | | | | | |
| | 10 | Подршка на социјлна ранливост, болести, здравствени проблеми, социјален ризик,социјални мерки | 82.000 | 0 | 0 | 0 | 82.000 |
| | 11 | Социјлни Проекти програми, НВО, дигитални услуги | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| | | **Вкупно за година** | 1.792.000 | 0 | 0 | 0 | 1.792.000 |
| | | **Вкупно за период 2022-2024** | 5.376.000 | 0 | 0 | 0 | 5.376.000 |

12.ЗАКЛУЧОК

Општина Конче постави цели да работи интензивно во креирање на Социјалниот план на општината, со чија помош полесно и организирано ќе може да ги спроведува своите обврски во областа на социјална зашита и да развива форми за заштита и превенција на сите социјално загрозени групи на територијата на Општина Конче. Во таа насока, како единица на локалната заедница, со поддршка на невладиниот сектор и други стручни служби на ниво на општината формиравме Социјален Совет кој активно ќе работи на планирање и дефинирање на програмите за третирање на проблемите од областа на социјална заштита.
Социјалниот совет интензивно ќе работи и на реализација на разни иницијативи и проекти, се со цел да се постигне социјален развој преку разни форми на социјална заштита согласно потребите на граѓаните од Општина Конче. За исполнување на приоритетите,целите и дејствијата од Планот ќе посветиме особено значење и на:
-навремено и целосно информирање до граѓаните и пристап до информации за остварување на социјални права, да си ги знаат своите права, да знаат како да ги бараат и да ги остваруваат и каде треба да се обратат во одредени ситуации.
-Овозможување и олеснување на пристапот до расположиви услуги во самата општина;
- Регулирање на потреба од ангажирање на специјализирани кадри во локалните институции кои функционираат како сервис на услуги: специјализирани здравствени услуги, социјални работници во канцеларија за социјална работа,ангажирање стручни лица за изработка на општинската програми во општина Конче.

Број 08-1720/16
Дата 29.12.2021
Конче

Совет на општина Конче
Претседател
Александра Ристова,